РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1342/10
20-01-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 59-та седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1342/1 од 29.03.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување.

Предметот со архивски број 12-1342 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1342/1 од 29.03.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// од /// (во понатамошниот текст: подносителот), по електронски пат. Подносителот сукцесивно ја надополни пријавата преку архивата на ДКСК на ден 22.06.2021 година и на ден 27.09.2021 година и електронски на ден 29.06.2021 година, на ден 30.08.2021 година и на ден 13.09.2021 година.

Според наводите, подносителот изразува сомнеж за несовесно постапување и злоупотреба на службена положба и овластувања на службени лица во Општина Кисела Вода, од причина што незаконски било издадено одобрение за градење на катастарска парцела 2216 во Општина Кисела Вода, а за која подносителот изјавува дека била во сопственост на неговиот покоен татко, тврди дека сегашните

сопственици ја присвоиле со фалсификување документи, дека врз основа на тие документи незаконски било издадено одобрението за градба на зграда, дека немало договори за купопродажба на земјиштето на таа катастарска парцела, дека имало забрана да се гради на таа катастарска парцела, дека трпел штета од незаконското градење... Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Како поткрепа на неговите наводи доставува докази.

По разгледување на наводите, ДКСК констатира дека истите се однесуваат на иста правна работа, за што подносителот доставил пријава, врз основа на која е формиран предмет заведен под архивски број 12-4829 од 2019 година и презаведен под архивски број 12-2053 од 2020 година, како и пријава, врз основа на која е формиран предмет заведен под архивски број 12-2748 од 2020 година и презаведен под архивски број 12-1460 од 2021 година. Со цел целисходно постапување по наводите на подносителот, ДКСК ги спои сите предмети во еден, заведен под архивски број 12-1342 од 2021 година.

Од наводите и доставените докази произлезе дека службените лица од Општина Кисела Вода, во постапка по издавање одобрение за градење заведено под архивски број 13-220 од 13.03.2020 година, не постапиле по насоките од второстепените решенија на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија заведени под архивски /// бр. /// од /// година и /// број /// од /// година, при што од страна на Државен управен инспекторат при Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија (управниот инспекторат), еднаш било постапувано за овој конкретен случај, кој заради констатирните недостатоци, неправилности и пропусти во постапката, требало да се изрече инспекциска мерка "опомена".

Во насока на остварување на своите законски надлежности, ДКСК побара од страна на управниот инспекторат да изврши контролен инспекциски надзор во Општина Кисела Вода, со цел да се утврди дали постојат процесни пропусти во повторените постапки по погоре означените Решенија на Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија. Управниот инспекторат доследно постапи по барањето на ДКСК и извести дека во Општина Кисела Вода бил извршен вонреден инспекциски надзор за што бил составен записник со наод за состојбата, заведен под архивски /// број /// од /// година, во кој било констатирано дека по донесеното Решение

на Министерот за транспорт и врски заведено под /// број /// од /// година, службените лица во Општина Кисела Вода не донеле решение во законски предвидениот рок со чл. 110 од Законот за општата управна постапка. Овој записник бил доставен на произнесување во Општина Кисела Вода, која го примила на ден /// година.

На ден /// година во управниот инспекторат било примено известување од Општина Кисела Вода заведено под архивски број /// од /// година, во кое било наведено дека на ден /// година записникот бил доставен во одделението за урбанизам, како и дека постапувањето по предметот ќе се продолжи по завршувањето на годишните одмори.

На ден /// година во управниот инспекторат Општина Кисела Вода доставила потпишан примерок од записникот, но и известување заведено под архивски број /// од /// година, врз основа на кое биле утврдени нови факти за предметот, од кои произлегло дека со акт заведен под архивски број /// од /// година, Општина Кисела Вода од Управниот суд на Република Северна Македонија побарала информација за тоа дали по претходно наведеното Решение на Министерот за транспорт и врски бил заведен управен спор, поради којашто причина службените лица не постапиле согласно со дадените насоки и упатства во истото ова второстепено Решение. Во истото ова известување било наведено дека Општина Кисела Вода во повторена постапка донела Решение заведено под архивски број /// од /// година, со кое жалбата на подносителот повторно била отфрлена како ненавремена, дека против истото ова Решение, повторно била вложена жалба до Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија, по однос на која било донесено ново второстепено Решение заведено под архивски /// број /// од /// година, по што Општина Кисела Вода на ден /// година, повторно се обратила до Управен суд на Република Северна Македонија, за да се утврди дали е заведен упрвен спор под однос на така донесеното ново второстепено решение.

На вака утврденото, управниот инспекторат утврдил дека во правниот промет фигурира ново второстепено Решение, заради што нема основ за да се изврши контролен инспекциски надзор, туку продолжен, за што изјави дека надзорот ќе се продолжи во Општина Кисела Вода.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од погоре наведеното ДКСК констатира дека по наводите на подносителот постапил надлежниот второстепен орган, кој донел второстепена одлука од негова законска надлежност, а по однос на процесните дејства на Општина Кисела Вода, за конкретниот случај на подносителот, управниот инспекциски надзор ќе се продолжи, од каде произлезе дека предметот нема елементи за понатамошно надлежно постапување од страна на ДКСК, постапката да се запре и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: м-р Д. Д
Одобрил: С.П.Д.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk